**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203 – 196/6**

**Скопје, 15.07. 2009 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР- САНДЕВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Чучер - Сандево за 2008 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Чучер - Сандево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Воислав Киранџиќ - Градоначалник на Општина Чучер - Сандево во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 07.04. до 16.04.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Цените за утврдување на пазарната вредност на земјиштето на територија на општина Чучер - Сандево не се усвоени од Советот на Општината како надлежен орган за утврдување на висината на даночните стапки и надоместоци врз основа на што општината ги утврдува своите изворни приходи. Утврдувањето на пазарната вредност се врши врз основа на акт одобрен од градоначалникот на општината на предлог на комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижностите, што не е во согласност со надлежностите утврдени со Законот за локална самоуправа.
Утврдувањето на цените врз основа на акт донесен од ненадлежен орган, има влијание на законското работење и придонесува за постоење на ризик од неточно пресметан и наплатен приход по овој основ.

**Препорака:**
Советот на Општина Чучер - Сандево да донесе одлука за висината на цените на земјоделското и градежното земјиште за утврдување на пазарната вредност при прометот на земјиштето.

10.1.2. Општина Чучер - Сандево нема вработено внатрешен ревизор. За вршење на работи од областа на внатрешната ревизија нема склучено договор со некоја од соседните општини за основање заедничка единица за внатрешна ревизија ниту договор за вршење внатрешна ревизија од друг субјект од јавниот сектор , што не е во согласност со одредбите од Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.
Тоа придонесува за не спроведени законски обврски и воспоставување систем и процедури за внатрешна ревизија.

**Препорака:**
Советот на општината да донесе Одлука во функција на реално разрешување на прашањето за внатрешен ревизор користејќи ги законските можности.

**10.2. Неправилности во утврдување на приходите/расходите**

10.2.1. Ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на приходите по основ на данок на имот и комунална такса за фирма искажани во финансиските извештаи за 2008 година од следните причини:

- не е целосно извршено усогласувањето, ажурирањето на регистарот на данокот на имот со фактичката состојба присутна на теренот.
- администрацијата на Општина Чучер - Сандево не извршила усогласување на состојбите на регистарот на недвижности со состојбите од Регистарот кој го води

Агенцијата за катастар на недвижности, како и податоците од состојбата на регистарот не ги доставила до 31 декември до Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи, што е спротивно на Законот за даноците на имот;
- решенијата за данок на имот за 2008 година се изготвени во декември 2008 година, што е спротивно на одредбите од Законот за даноците на имот според кој рокот е крајот на месец март од тековната година, истите не се изготвени во целост. Дел од решенијата не се доставени до обврзниците поради проблеми во доставувањето;
- не е извршено усогласување на регистарот на обврзници за комунална такса за фирма за 2008 година со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи;
- решенијата за комунална такса за фирма за 2008 година се изготвени но не се доставени до обврзниците што е спротивно на Законот за комуналните такси. Причината за не доставувањето според надлежните е немањето финансиски средства за доставување поради блокада на сметката.

Некомплетната и неажурна евиденција на даночните обврзници по основ данок на имот и комунална такса за фирма како и ненавременото изготвување на решенијата по овие основи и неизвршеното дистрибуирање до даночните обврзници придонесува за помалку остварени приходи во корист на општината.

**Препорака:**
Даночното одделение на Општина Чучер - Сандево:
- да изврши ажурирање на регистрите на даночни обврзници со реалната состојба присутна на територијата на Општина Чучер - Сандево;
- да врши редовно усогласување на базата на податоците за обврзниците на данок на имот со податоците од Агенцијата за катастар на недвижности;
- решенијата да ги изготвува согласно роковите утврдени со Законот за даноците на имот и Законот за комуналните такси;
- да врши усогласување на базата на податоците за обврзниците на комунална такса за фирма со податоците од Централниот регистар на Република Македонија;
- секоја година, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата од регистарот да ги доставува до Централниот регистар на Република Македонија и Управата за приходи, и
- да врши редовно и навремено доставување на решенијата по основ на данок на имот и комунална такса за фирма до сите обврзници.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1.1. и 10.2.1. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на Општина Чучер - Сандево на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на Општина Чучер - Сандево.

13. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на состојбата на побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за фирма во Билансот на состојба за 10.871 илјади денари.

**14.Обелоденување**

14.1. Сметката на Општина Чучер Сандево е блокирана по Извршно решение од 10.03.2008 година на основа Пресуда ПС. бр.920/2002 од 12.07.2004 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје по основ на договор за изградба на локален пат с.Кучевиште – Кучевишка Бара од 2001 година. Износот со кој е блокирана, задолжена општината изнесува :

- главен долг од 19.992 илјади денари;
- затезна камата на главниот долг сметана од 02.12.2002 до извршувањето;
- процесни трошоци од 283 илјади денари;
- затезна камата на процесните трошоци сметана од 02.12.2002 до извршувањето;
- извршни трошоци од 345 илјади денари, и
- ДДВ од 18% на извршните трошоци од 62 илјади денари

До 31.12.2008 година платен е износот на процесните трошоци и камата за истите, извршните трошоци и ДДВ на истите, затезна камата во износ од 21.394 илјади денари и дел од главниот долг во износ од 2.567 илјади денари, по што остатокот од неплатениот главен долг со состојба на 31.12.2008 година изнесува 17.425 илјади денари. Оваа состојба ќе има влијание на финансиските извештаи на Општина Чучер - Сандево и во наредниот период.

14.2. Општина Чучер - Сандево е тужена странка од три субјекти, од кои две физички лица – граѓани и едно правно лице. Тужбата од едното физичко лице е по основ на побарување за надомест за изградена пумпна станица за вода на општината, на приватно земјиште на тужителот за неопределен износ, а другото физичко лице по основ надомест на штета за несреќен случај во износ од 1.590 илјади денари. Со правниот субјект општината е тужена за долг во вкупен износ од 231 илјада денари, за испорачана а не платена нафта за греење на основно училиште.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Чучер Сандево за годината која завршува со 31 декември 2008 година.

Скопје 07.07.2009 година — Овластен државен ревизор

**Буџет на Општина Чучер-Сандево**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | **3.1.** | 23,020 | 21,179 |
| Неданочни приходи | **3.2.** | 1,181 | 1,411 |
| Капитални приходи | **3.3.** | 2,468 | 1,025 |
| Трансфери и донации | **3.4.** | 12,313 | 13,545 |
| **Вкупно приходи** | | **38,982** | **37,160** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | **3.5.1.** | 9,680 | 8,437 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | 342 |
| Стоки и услуги | **3.5.2.** | 8,047 | 12,811 |
| Субвенции и трансфери | **3.5.3.** | 11,102 | 355 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **28,829** | **21,945** |
| **Капитални расходи** | **3.6.** | **9,267** | **13,607** |
| **Вкупно расходи** | | **38,096** | **35,552** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **886** | **1,608** |

**Буџет на Општина Чучер-Сандево**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 886 | 1,608 |
| Побарувања | 4.1.2. | 12,919 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **13,805** | **1,608** |
| **Вкупна актива** | | **13,805** | **1,608** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 13,805 | 1,608 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **13,805** | **1,608** |
| **Вкупна пасива** | | **13,805** | **1,608** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*